La marche du souvenir (juin 2018)
De Bitola à Thessalonique, le long des tranchées du Front d'Orient

Меморијален марш (јуни 2018)
Од Битола до Солун, крај рововите на Македонскиот Фронт

L'Ambassade de France à Skopje, l'Institut français de Skopje, le Mémorial de Caen et ALDA ont pris l'initiative, dans le cadre des commémorations du centenaire de la Grande Guerre d'organiser un colloque à Bitola (31 mai-3 juin 2018) qui avait pour thème: « La protection des non-combattants, du Front d'Orient à aujourd'hui ».

Во рамките на свеченостите во спомен на стогодишнината од Големата Војна (I Светска Војна), Амбасадата на Франција во Скопје, Францускиот институт во Скопје, Меморијалниот музеј во Кан (Долна Нормандија) и АЛДА организираа семинар на тема: „Заштитата на цивилното население, од Македонскиот фронт до денес",што во периодот од 31 мај до 3 јуни 2018 се одржа во Битола.

Le Front d'Orient était un des quatre grands fronts de la Première Guerre mondiale sur le continent européen avec ceux de l'Ouest (France et Belgique), de l'Est (Pays baltes, Russie, Roumanie et Bulgarie) et d'Italie. Le Front d'Orient est un front d'environ 400 kilomètres s'étendant de la mer Egée à l'Est, à la mer Adriatique à l'Ouest. Il traversait quatre pays: la Grèce, la Bulgarie, la Macédoine serbe et l'Albanie.

Македонскиот фронт е еден од четирите големи фронтови во Првата Светска Војна на европскиот континент, заедно со Западниот фронт (Франција и Белгија), Источниот фронт (Балтичките земји, Русија, Романија и Бугарија) и Италијанскиот фронт. Македонскиот фронт беше долг околу 400 километри и се протегаше од Егејското море на Исток, до Јадранското море на Запад. Поминуваше низ четири земји: Грција, Бугарија, Вардарска Македонија и Албанија.

Des dizaines de milliers de soldats reposent aujourd'hui en Macédoine du Nord. Ils appartenaient principalement aux armées serbe, bulgare, française et allemande, mais aussi aux contingents turcs, grecs, roumains (prisonniers de guerre), italiens et russes.

Десетици илјади војници почиваат денес во Северна Македонија. Во најголем дел тие им припаѓаат на српската, бугарската, француската и германската војска, но исто така и на турскиот, грчкиот, романскиот (воени заробеници), италијанскиот и рускиот воен контингент.

C'est pour rendre hommage à tous ces soldats qu'un siècle plus tard, sur la route des poilus et le long des tranchés du front d'Orient, trois voyageurs français (Marc Renversé, Emmanuel Rimbert et Emmanuel Hecht) et deux guides macédoniens (Petar Nolev et Vendim), s'élancent avec un cheval et un mulet sur ce chemin de mémoire. 240 km à pied, de Bitola à Thessalonique. Plus de 10 jours de marche dans le sillage de Robert Louis Stevenson (Voyage avec un âne dans les Cévennes) et de la poésie de Francis Jammes. Près de deux semaines de marche exploratoire autour des récits de voyages et des récits d'Histoire.

Во намера да им оддадат почит на сите овие војници еден век подоцна, тројца француски патештвеници (Марк Ранверсе, Емануел Рембер и Емануел Ешт и двајца македонски водичи (Петар Нолев и Вендим), со еден коњ и мазга тргнуваат на овој пат на сеќавање по врвиците на „poilus - влакнестите, брадјосаните " и покрај рововите од Македонскиот Фронт. 240 км пеш, од Битола до Солун. Над 10 дена марш по примерот на Роберт Луис Стивенсон (Патување со магаре во Севените) и инспирирани од поезијата на Френсис Џемс. Безмалку две недели истражувачки марш пропратен со патеписни белешки и историски записи.

L'exposition a été réalisée en octobre 2020, avec le soutien de:
l'Ambassade de France à Skopje,
l'Institut français de Skopje et
du Musée militaire du Ministère de la défense de la République de Macédoine du Nord

Изложбата е реализирана во октомври 2020 година со поддршка од:
Француска амбасада во Скопје
Француски институт во Скопје и
Министерство за одбрана на
Република Северна Македонија - Воен музеј

AMBASSADE DE FRANCE EN MACÉDOINE DU NORD
Liberté Égalité Fraternité

vivre les ltures

INSTITUT FRANÇAIS Skopje

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана
Воен музеј

LA MARCHE DU SOUVENIR (JUIN 2018) DE BITOLA À THESSALONIQUE, LE LONG DES TRANCHÉES DU FRONT D'ORIENT

МЕМОРИЈАЛЕН МАРШ (ЈУНИ 2018) ОД БИТОЛА ДО СОЛУН, КРАЈ РОВОВИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ФРОНТ



Le front de Macédoine le 3 septembre 1916

Македонски фронт 3 септември 1916

« Les bleus pâles et les beiges de la carte réconcilient le petit matin et le confort que nous allons quitter. Nouveau changement d'échelle. La géographie dépliée. J'ai sous les yeux la totalité de la Terre que nous allons crapahuter. Où allons-nous ? J'examine la carte, esthétique et merveilleuse », Emmanuel Rimbert

„Светлосините и жолтокафеави делови на картата ги помируваат раното утро и комфорот што ќе го напуштиме. Нова промена на размерот. Оддиплена географија. Пред очи ми е целото парче од Земјата по кое што ќе треба да маршираме. Каде одиме? Ја набљудувам картата, естетска и прекрасна", Емануел Рембер

AMBASSADE DE FRANCE EN MACÉDOINE DU NORD
Liberté Égalité Fraternité

vivre les ltures

INSTITUT FRANÇAIS Skopje

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана
Воен музеј

LA MARCHE DU SOUVENIR (JUIN 2018) DE BITOLA À THESSALONIQUE, LE LONG DES TRANCHÉES DU FRONT D'ORIENT

МЕМОРИЈАЛЕН МАРШ (ЈУНИ 2018) ОД БИТОЛА ДО СОЛУН, КРАЈ РОВОВИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ФРОНТ

« Le capitaine Jean Saison n'avait pas de GPS, juste une carte autrichienne au 200 000e, « peu exacte, mais parlante ». Et un guide de la région, le « Baedeker », du nom du libraire Karl Baedeker (1801-1859), inventeur du guide de voyage moderne: format poche avec cartes, pas plus de 500 grammes », Emmanuel Hecht

„Капетанот Жан Сезон немаше Џи-пи-ес, само една австриска карта со размер 1:200000, „доста непрецизна, но сликовита". И регионален водич, „Бедекерот", според името на книжарот Карл Бедекер (1801-1859), творец на модерниот туристички водич: џебно издание со карти, што не тежеше повеќе од 500 грама", Емануел Ешт

« Dans les pas de l'Armée d'Orient, le départ de « La marche du souvenir » a eu lieu au cimetière militaire français de Bitola, le dimanche 3 juin, en clôture d'un colloque. Nous quittons Bitola, son cimetière français, l'odeur des tilleuls. Direction Cote 1050, sans escale. Où des soldats français, allemands et bulgares se sont affrontés durant des mois, entre 1916 et 1918 », Emmanuel Hecht et Emmanuel Rimbert

„По стапките на Источната армија, тргнувањето на 'Меморијалниот марш' се случи од француските воени гробишта во Битола, во недела на 3 јуни, по завршувањето на еден семинар.Ја напуштаме Битола, нејзините француски гробишта, француски гробишта, мирисот на липите. Правец Кота 1050, без застанување. Таму кадешто француските, германските и бугарските војници војуваа со месеци, помеѓу 1916 и 1918 година", Емануел Ешт и Емануел Рембер

De gauche à droite, од лево кон десно:
Petar Nolev, *guide de montagne*
Vendim Useinovski, *guide et propriétaire des animaux qui nous accompagnaient*
Marc Renversé, *chef d'entreprise-photographe*
Emmanuel Hecht, *journaliste-historien*
Emmanuel Rimbert, *directeur de l'Institut français de Skopje*
Петар Нолев, *планински водич*
Вендим Усеиновски, *водич и сопственик на животните што нè придружуваа*
Марк Ранверсе, *шеф на компанија и фотограф*
Емануел Ешт, *новинар и историчар*
Емануел Рембер, *директор на Францускиот институт од Скопје*

Monastère de San Nedela, janvier 1917, Bitola (actuellement) dans le voisinage de cette église se trouve aujourd'hui le Cimetière militaire français. Ministère de la Culture (France) – Médiathèque de l'Architecture et du Patrimoine – Diffusion RMN

Црква Света Недела, јануари 1917, денешна Битола Во близина на црквата денес се наоѓаат Француските воени гробишта Министерство за култура (Франција) – Медијатека за Архитектура и Културно наследство

Mulet ravitailleur dans un sentier, 1916
Магаре на патека, 1916

LA MARCHE DU SOUVENIR (JUIN 2018) DE BITOLA À THESSALONIQUE, LE LONG DES TRANCHÉES DU FRONT D'ORIENT

МЕМОРИЈАЛЕН МАРШ (ЈУНИ 2018) ОД БИТОЛА ДО СОЛУН, КРАЈ РОВОВИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ФРОНТ

« Les premiers pas étonnent parce qu'ils ne font pas mal. Nous sommes déjà à plus de 10 kilomètres de Bitola. La colline désertique et rocailleuse, regroupe les premiers abris du Front français, on se trouve du côté de Novaci », Emmanuel Rimbert

„Првите чекори изненадуваат со својата леснотија. Веќе сме на повеќе од десет километри далеку од Битола. На голиот и каменест рид се групирани првите бункери на француската линија на фронтот, се наоѓаме во околината на Новаци", Емануел Рембер

La douleur du jour. « Ce n'est que progressivement que je mesurai que la guerre m'avait condamnée à vivre jusqu'à la fin de mes jours dans un monde sans confiance ni sécurité, un monde où chaque relation personnelle qui m'est chère serait craintivement chérie dans l'ombre de l'appréhension: où l'amour serait perpétuellement menacé par la mort, et où le bonheur apparaît telle une maison sans durée, bâtie sur les sables mouvants du hasard; Vera Brittain, dans Testament of youth. » Emmanuel Hecht

Болка на денот. „Некако постепено станав свесна дека војната ме беше осудила да живеам до крајот на својот живот во свет на недоверба и несигурност, свет во кој секоја лична врска што ми значи ќе биде бојазливо милувана во сенката на стравот: кадешто љубовта непрекинато ќе биде изложена на смртна закана, а среќата се појавува како нетрајна куќа, подигната врз живиот песок на случајноста; Вера Бритен, во Завет на младоста." Емануел Ешт

Tranchées surplombant le lit du Pirnat (4-7 juillet 1916), Grèce ; Macédoine centrale ; Thessalonique

Ровови над коритото на реката Пинеиос (4-7 јули 1916), Грција, централна Македонија, Солун

« Les paysages ne tarissent pas, la lumière tombe toujours. Au grand air, la vie s'articule autour de deux activités : regarder, se souvenir. Depuis plusieurs heures, j'ai le cœur plus plein qu'un œuf. Nous sommes à l'arrêt, je tire sur ma pipe à côté des nuages qui fument aussi. », Emmanuel Rimbert

„Пејзажите се неисцрпни, светлината и понатаму паѓа. Надвор животот е насочен на две активности: гледаш, се сеќаваш. Веќе неколку часови, чувствувам исполнетост во срцето. Правиме починка, си го пушам лулето до облаците што се чадат исто така." Емануел Рембер



Sur la Cerna, au nord de la boucle, Iveni (avril 1917). Col de Garavan : Fumeurs de pipe

На река Црна, северно од завојот, Ивени (април 1917). Луѓе што пушат луле на Врво Гараван

AMBASSADE DE FRANCE EN MACÉDOINE DU NORD
Liberté Égalité Fraternité
vivre les ltures
INSTITUT FRANÇAIS Skopje
Република Северна Македонија
Министерство за одбрана
Воен музеј

« Le maréchal Franchet d'Esperey, ultime chef victorieux de cette armée des confins européens, a vécu dans sa chair l'insensibilité de la mère-patrie. « Elle [l'Armée d 'Orient] était trop loin pour que la nation vécût sa vie. Paris ne voyait passer ni ses blessés, ni ses permissionnaires ; aux yeux du public, et parfois même des hommes publics, son rôle était celui d'une sorte d'expédition coloniale, sans influence sérieuse sur le front d'Occident », Emmanuel Hecht

„Маршалот Франше Д'Еспере, последниот победоносен командант на оваа армија на границите на Европа, на своја кожа ја почувствувал неосетливоста на родината мајка. „Таа [Источната армија] беше многу далеку за да нацијата го преживува она низ што таа минуваше. Париз не ги забележуваше ни нејзините ранети, ни нејзините војници на отсуство; јавноста, а понекогаш дури и политичарите, нејзината улога ја споредуваа со еден вид колонијален воен поход, без поголемо влијание врз Западниот фронт", Емануел Ешт

Entre Monastir et Prilep, le général Franchet d'Esperey et le général Henrys consultent la carte, 1918

Помеѓу Битола и Прилеп, генерел Франше Д'Еспере и генерал Анри консултираат карта, 1918 г.

« C'est le premier pas qui compte. Le corps doit se dégourdir et s'échauffer. Le souffle doit caler sa vitesse de croisière. L'homme est un diesel. Nous jouons les hommes des bois, le temps d'une récréation. Jetées aux orties l'hygiénisme « à la papa » et les bonnes manières. Avec le cheval, le mulet et leur maître, notre marche a un petit air de western-spaghetti », Emmanuel Hecht

„Најважен е првиот чекор. Телото мора да се раздвижи и да се загрее. Дишењето мора да ја утврди својата брзина на крстосување. Човекот е како дизел мотор. Си играме луѓе од дивината, во времетраење на школски одмор. Заборавме на спокојниот хигиенизам и на убавото однесување. Со коњот, мазгата и нивниот сопственик, нашиот марш по малку наликува на „шпагети вестерн", Емануел Ешт

Sur la route de Monastir (novembre 1916). Blessés en cacolet allant à l'ambulance

На патот кон Битола (ноември 1916). Ранети на седло одат во амбуланта

« Je raconte à Hecht qu'il reste de cette période de nombreuses cartes postales et photographies représentant les poilus sur le Front d'Orient. En les regardant, j'ai été frappé par la place prise par les mulets et les ânes, qui transportaient les baluchons, les armes et les blessés fantassins, trottant dans les plis sinueux des tranchées. Il y a plus de six mois j'avais passé en revue une collection de ces cartes postales.Certaines étaient signées par les frères Manaki, Milton et Janaki » , Emmanuel Rimbert

„Му кажувам на Ешт дека од тој период се зачувани голем број поштенски картички и фотографии на кои се претставени француските војници од Македонскиот фронт. Додека ги гледав, бев запрепастен од местото што во нив го заземаа мазгите и магарињата што пренесуваа бовчи, оружје и ранети пешадинци ситно чекорејќи по змијулестите рабови на рововите. Пред шест месеци разгледував колекција од овие поштенски картички. Автори на некои од нив беа браќата Милтон и Јанаки Манаки", Емануел Рембер

LA MARCHE DU SOUVENIR (JUIN 2018) DE BITOLA À THESSALONIQUE, LE LONG DES TRANCHÉES DU FRONT D'ORIENT

МЕМОРИЈАЛЕН МАРШ (ЈУНИ 2018) ОД БИТОЛА ДО СОЛУН, КРАЈ РОВОВИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ФРОНТ





Au Kaïmatchalan (novembre 1916). Observatoire d'artillerie

На Кајмакчалан (ноември 1916), Артилерска набљудувачница

« C'est un printemps changeant. L'orage de Prilep arrive et craque pas très loin au-dessus de nos têtes mais ne dure que trente minutes. Nous attachons rapidement les équidés à un arbre et nous nous mettons à l'abri d'une cave creusée dans la roche par les poilus du Front d'Orient. Soudain l'air sent bon le foin et les pâtures. », Emmanuel Rimbert

„Пролетва е променлива. Пристигнува прилепската луња и праснува недалеку над нашите глави но не трае повеќе од триесет минути. Набрзина ги врзуваме коњите за едно дрво и се засолнуваме во пештера што во карпа ја издлабиле француските војници од Македонскиот фронт. Одеднаш воздухот пријатно замирисува на сено и трева", Емануел Рембер

« Les frères Manaki - ou Manakis sont un condensé balkanique. Leur ville natale, Avdella, hier ottomane, est aujourd'hui grecque. Les deux frères ont pris leur quartier à Monastir-Bitola en 1905. Ils ont ouvert le premier laboratoire de développement photographique, L'année suivante, ils ont acheté leur première caméra, une Bioscope 300, chez Charles Urban & Co, à Londres. Au cours de leur existence, ils ont produit plus de 17 000 photos et sept films, du Mariage Valaque (1906) à Pendaison des Macédoniens insurgés contre le pouvoir ottoman (1907).Ils ont instruit des petits et chaque année le Festival international du film des frères Manaki, à Bitola, leur rend hommage en récompensant les meilleurs directeurs de la photographie », Emmanuel Hecht

„Браќата Манаки – или Манакис се балканска приказна во мало. Нивниот роден град Авдела, до вчера османлиски, денес е грчки Браќата се населуваат во Монастир-Битола во 1905. Ја отвораат првата работилница за развивање на фотографии.Следната година ја купуваат својата прва камера, Биоскоп 300 во продавницата на Чарлс Урбан&Ко, во Лондон. Во текот на својот живот имаат снимено над 17 илјади фотографии и седум филмови, меѓу кои и Влашка свадба (1906) и Бесење на побунетите Македонци против османлиската власт (1907) Секоја година Меѓународниот фестивал Браќа Манаки во Битола им оддава признание наградувајќи ги најдобрите директори на фотографија" Емануел Ешт

De Monastir (aujourd'hui Bitola) à Solun (Thessalonique), nous avons gravi les sommets du Kajmachalan et du Dobropolje en compagnie d'un cheval et d'un mulet ; de loyaux compagnons.

Од Монастир (денешна Битола) до Солун (Тесалоники), ги искачивме врвовите Кајмакчалан и Доброполе во друштво на еден коњ и мазга; верни сопатници.



Sur la Cerna, au nord de la boucle (mai 1917). Vue panoramique des massifs de la boucle de la Cerna, prise du Kaïmatchalan

На река Црна, северно од завојот (мај 1917). Панорамски поглед на масивите на заливот на Црна, гледано од Кајмакчалан

AMBASSADE DE FRANCE EN MACÉDOINE DU NORD Liberté Égalité Fraternité · vivre les ltures · INSTITUT FRANÇAIS Skopje · Република Северна Македонија Министерство за одбрана Воен музеј

« Nous emportons une petite batterie de cuisine, 56 kilos de nourriture : carottes, courgettes, aubergines, ails, tomates, riz, pâtes, 18 œufs frais, oignions, fruits secs, des kilos de viandes séchées ou marinées (préparées par la maman de Petar), du fromage de brebis et du pain noir (offert par Vendim), un cake aux olives (offert par Caroline, directrice de l'Alliance Française de Bitola). Cinq bonbonnes d'eau, trois petits cubitainers de vins macédoniens offert par Stobi (bases de l'accompagnement de tout bon repas du soir) », Emmanuel Rimbert et Emmanuel Hecht

„Носиме мал комплет кујнски садови, 56 килограми храна: моркови, тиквички, модри патлџани, лук, домати, ориз, тестенини, 18 свежи јајца, кромид, суво овошје, повеќе килограми суво или маринирано месо (подготвено од мајката на Петар), овчко сирење и црн леб (подарок од Вендим), солен колач со маслинки (подарок од Каролина, директорка на Француската Алијанса во Битола).Пет бинлаци со вода, три мали трилитарски контејнери со македонско вино подарок од винарницата Стоби (основна придружба на секоја вкусна вечера)“, Емануел Рембер и Емануел Ешт

À la frontière serbo-grecque (décembre 1916). Bivouac près de la Cerna, Skocivir (environs)

До српско-грчката граница (декември 1916) Бивак на река Црна, Скочивир (живеалишта)

« On entend nos équidés Dori et Tito, tondre d'une langue persévérante la fougère et le gazon.
(…)
Nous prenons soins de Dori et Tito. Je ne peux pas imaginer un instant Tito la patte cassée.
Nous devrions l'abattre et il finirait dévoré par les vautours », Emmanuel Rimbert

„Ги слушаме нашите четириножни сопатници Дори и Тито како со вилиците истрајно ја поткаструваат тревата и папратот.
(…)
Се грижиме за Дори и Тито. Не се осмелувам ни за миг да помислам Тито да скрши нога. Би морале да го убиеме и би завршил како храна за мршојадците“, Емануел Рембер

LA MARCHE DU SOUVENIR (JUIN 2018) DE BITOLA À THESSALONIQUE, LE LONG DES TRANCHÉES DU FRONT D'ORIENT

МЕМОРИЈАЛЕН МАРШ (ЈУНИ 2018) ОД БИТОЛА ДО СОЛУН, КРАЈ РОВОВИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ФРОНТ

« Les fils de barbelés, nourris à maille serrée, étendent leurs immenses réseaux, d'une largeur extraordinaire, sur les fonds de la vallée et les pentes des collines », Emmanuel Hecht

„Бескрајните препреки од густо поставените бодливи жици, со ретко широка распространетост во подножјето на долината и по нагорнините на ридовите“, Емануел Ешт

Dans le secteur de Florina (mai 1916). Patrouille longeant les fils barbelés des Bulgares devant le village

Во подрачјето на Лерин (мај 1916). Патрола долж бодликавата жица на Бугарите пред селото

(…)
La confession du jour, le 20 novembre 1916. « Bien cher Papa, Je vais te causer de la peine quand tu apprendras la nouvelle que je te communique. Je suis amputé de la jambe gauche, à hauteur de la rotule du genou. » Journal d'un Poilu sur le Front d'Orient, par Jean Leymonnerie

Исповед на денот, 20 ноември 1916. „Најмил Тато, ќе ти предизвикам болка кога ќе ја дознаеш веста што ти ја соопштувам. Ампутирана ми е левата нога, до коленото.
“ Дневник на еден француски војник од Македонскиот Фронт, од Жан Лемонри

Un éclat d'obus - ou de mitrailleuse a blessé Jean. Il se souvient d'avoir fait un vol plané de cinq à six mètres et d'avoir perdu beaucoup de sang. Il aurait pu s'en sortir s'il n'avait pas dû attendre les secours trente-huit heures (…) Il a fallu amputer », Emmanuel Hecht

Шрапнел од граната – или митралез го ранил Жан. Се сеќава дека летал пет-шест метри и дека загубил многу крв. Би можел полесно да помине доколку не морал да чека триесет и осум часа медицинска помош. (...) морало да се ампутира“, Емануел Ешт

Les hôpitaux du front (mai - juillet 1916). Maison organisée en salle d'hôpital : La chambre des malades, Dragomir, Macédoine centrale

Болница на фронтот (мај - јули 1916). Просторија организирана како болничка сала: Соба за болни, Драгомир, централна Македонија

AMBASSADE DE FRANCE EN MACÉDOINE DU NORD Liberté Égalité Fraternité · vivre les ltures · INSTITUT FRANÇAIS Skopje · Република Северна Македонија Министерство за одбрана Воен музеј

« Vendim est en tête avec sa hachette aiguisée, Petar, lui, manie la machette.
Ils rassemblent toutes leurs forces pour lutter contre l'envahissement du sentier par les arbres depuis un siècle.
Il nous faut, pour trouver un passage, ressusciter des tranchées effacées par les arbres », Emmanuel Rimbert

„Вендим е на чело со своето остро секирче, додека Петар вешто се служи со мачетата. Ја користат сета сила
да ја ослободат патеката што еден век е обрасната со дрвја.
За да си направиме место за поминување, потребно е да ги откопаме рововите покриени од дрвјата", Емануел Рембер

« Gradés arrogants ou simples héros, déserteurs ou victimes résignés ; ils sont tous là. Dans la fatigue et la petite solitude,
j'avais besoin des souvenirs d'un autre. », Emmanuel Rimbert
„Надмени офицери или едноставни херои, дезертери или резигнирани жртви; сите тие се тука.
Во заморот и малата осаменост, имав потреба од туѓи сеќавања." Емануел Рембер

« En montagne, les troupes d'élite devraient être uniquement composées de montagnards rustiques, se contentant d'un faible
ravitaillement et ne buvant pas de vin, dont le transport est si difficile à assurer », estimera un officier au sortir du conflit.
En même temps, admet-il, pour des Français, « des distributions de vin abondantes sont indispensables,
en montagne plus qu'ailleurs, pour maintenir le moral des troupes. » Que faire ?, Emmanuel Hecht

„На планина, елитните единици би требало да бидат составени само од груби планинци на кои им е доволна слабата храна
и што не пијат вино, за кое е толку тешко да се обезбеди превоз", ќе оцени еден офицер при крајот на судирот.
Истовремено, признава тој, за Французите, „обилното делење вино е неопходно, на планина повеќе отколку
на друго место, за да се одржи моралот во единиците." Што да се прави?, Емануел Ешт

Sur la Cerna, au nord de la boucle (avril 1917) Iveni. Col de Garavan : Au P.C. de Têtard,
muletier en corvée de vin

На река Црна, северно од завојот (април 1917) Ивени. Врвот Гараван,
војнички камп, војник со мазга носи вино

LA MARCHE DU SOUVENIR (JUIN 2018) DE BITOLA À THESSALONIQUE, LE LONG DES TRANCHÉES DU FRONT D'ORIENT

МЕМОРИЈАЛЕН МАРШ (ЈУНИ 2018) ОД БИТОЛА ДО СОЛУН, КРАЈ РОВОВИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ФРОНТ



Morceau de barbelé du front d'Orient.
Парче бодлива жица од Македонскиот фронт.



Combats dans le secteur de Doïran (août 1916).
Tranchées prises aux bulgares sur la cote 227 : Fils de fer barbelés

Борбите во секторот кај Дојран (август1916).
Ровови одземени од Бугарите на ридот 227, железна бодликава жица

AMBASSADE DE FRANCE EN MACÉDOINE DU NORD
Liberté Égalité Fraternité
vivre les ltures
INSTITUT FRANÇAIS Skopje
Република Северна Македонија
Министерство за одбрана
Воен музеј

« Quand nous regardons au sol, il y a comme un air d'exotisme dans cette campagne et ces forêts. On tombe sur des chenilles processionnaires aux portes de la Grèce, on croise des grenouilles, des putois, des lièvres et des hérissons en bonne santé », Emmanuel Rimbert

„Кога погледнуваме вземи, како да има некаква егзотика во оваа природа и шуми. Наидуваме на гасеници пред портите на Грција, пресретнуваме жаби, ласици, диви зајаци и ежови во добро здравје", Емануел Рембер

Sur le front de Monastir, Ribarci (novembre 1916).
На фронтот кај Битола, Рибарци (ноември 1916)

« Le massif du Dobropolje - ou Dobro polje -, notre résidence du soir, a été le théâtre de deux batailles. La première, en octobre 1916, dans la foulée de la victoire serbe de Kaimakcalan, fut un coup pour rien, les Bulgares ayant stoppé dans leur élan les troupes serbo-russo-françaises. La seconde offensive, dite aussi bataille de la Moglena, est celle que l'Histoire a retenue, parce qu'elle préfigure la déroute du tsar de Sofia et des empires centraux », Emmanuel Hecht

„Планинскиот масив Доброполе - или Добро поле, нашето вечерно престојувалиште, бил поприште на две битки. Првата, во октомври 1916, веднаш по српската победа на Кајмакчалан, била поразителна затоа што Бугарите успеале да ги спречат во нивниот налет српско-руско-француските сили. Втората офанзива, што се нарекува и Мегленска битка е онаа што Историјата ја има забележано, затоа што ја најавува пропаста на царот во Софија и на Силите на Оската", Емануел Ешт

« Nous avons mis bas notre paquetage. Durant toute l'après-midi, il a plu et grêlé. Nous avons suivi de petits sentiers de chèvres aux flancs de collines ou aux lisières des bois. Bientôt nous farfouillons dans nos sacs pour en sortir les bougies et les lampes frontales. Nous sommes exténués de fatigue. Vendim tâtonne, attache à une forte branche Dori et Tito, les deux équidés », Emmanuel Rimbert

„Ја растоваривме опремата. Цело попладне врнеше и паѓаше град. Се движевме по тесни козји патеки на боковите од ридовите или по рабовите на шумата. Веднаш буричкаме во ранците за да ги извадиме свеќите и светилките за на глава. Преморени сме. Вендим џбара во темницата, ги врзува за дебела гранка нашите четириножни сопатници Дори и Тито ", Емануел Рембер

LA MARCHE DU SOUVENIR (JUIN 2018) DE BITOLA À THESSALONIQUE, LE LONG DES TRANCHÉES DU FRONT D'ORIENT

МЕМОРИЈАЛЕН МАРШ (ЈУНИ 2018) ОД БИТОЛА ДО СОЛУН, КРАЈ РОВОВИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ФРОНТ

Nous avons ramassé des débris de la grande guerre. Nous avons bivouaqué.

Собравме остатоци од Големата војна. Логорувавме.

« Dialogue avec le temps, l'histoire. Je me suis arrêté pour en prendre note dans mon carnet de route. (…) Nous avançons à petite allure. Les équidés frappent de leurs sabots les pierres des montagnes comme s'ils voulaient les corriger. Avec Hecht, nous marchons côte à côte sans dire mot. La parole est dépassée », Emmanuel Rimbert

„Дијалог со времето, историјата. Застанав за да запишам во својот патен дневник. (...) Напредуваме полека. Коњите удираат со копитата по планинските камења како да сакаа да ги казнат . Со Ешт чекориме еден до друг без да изустиме збор. Надмината е потребата од говорење", Емануел Рембер

AMBASSADE DE FRANCE EN MACÉDOINE DU NORD
vivre les ltures
INSTITUT FRANÇAIS Skopje
Република Северна Македонија
Министерство за одбрана
Воен музеј

La marche continue, dix jours et neuf nuits.

Маршот продолжува понатаму, десет дена и девет ноќи.

Dans la région est du lac Prespa (mars 1917).
Tranchées bulgares creusées dans le roc et
prises par notre infanterie (Dolno Strbovo)

Во регионот источно од Преспанското езеро (март 1917).
Бугарски ровови ископани во карпи гледано
од нашата пешадија (Долно Штрбово)

« Jour après jour, le Front d'Orient s'est transformé en un vaste hôpital. Ont été réquisitionnés les dortoirs d'élèves, puis, au fur et à mesure des infections et des blessures, les classes, puis les greniers et les corridors.
Depuis les tranchées, l'évacuation des blessés, des terrains montagneux aux navires-hôpitaux, de l'âne au train, est de plus en plus périlleuse », Emmanuel Hecht

„Како што минуваа деновите, Македонскиот фронт се преобразуваше во голема болница. Беше извршена реквизиција на ученичките спални, а потоа, како што растеше бројот на заразените од инфекции и на ранетите, училниците, таваните и ходниците. Пренесувањето на ранетите по планинскиот терен од рововите до бродовите-болници, со магарења до возовите, станува сè погибелно", Емануел Ешт

Les hôpitaux du front (1918). Arrivée d'un train sanitaire dans l'hôpital
Grèce ; Macédoine centrale Pella ; Vertekop (anciennement) ; Skidra (actuellement)

Болница на фронтот (1918). Пристигање на санитарен воз во болницата
Грција ; централна Македонија, Пела; Вертекоп (старо име) ; Скидра (сегашно име)

LA MARCHE DU SOUVENIR (JUIN 2018) DE BITOLA À THESSALONIQUE, LE LONG DES TRANCHÉES DU FRONT D'ORIENT

МЕМОРИЈАЛЕН МАРШ (ЈУНИ 2018) ОД БИТОЛА ДО СОЛУН, КРАЈ РОВОВИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ФРОНТ

« La nature est faite d'aphorismes, la fleur, l'arbre… le champignon. Les cèpes qui nous ont été donnés hier et ceux que nous avons trouvé en chemin ont été gardés soigneusement pour notre petit déjeuner complet.
Ils sont dans un panier comme des œufs, comme un aphorisme inattendu », Emmanuel Rimbert

„Природата е создадена од афоризми, цвеќето, дрвјата... печурките.
Вргањите што ни ги дадоа вчера заедно со оние што ги најдовме попат беа грижливо чувани за нашиот совршен појадок.
Тие се како јајца во кошница, како неочекуван афоризам", Емануел Рембер



Sur le front de Monastir: (27 décembre 1916). Les cuisines
На фронтот кај Битола: (27 декември 1916). Кујни

« Ainsi, nous arrivons au bout de notre petit voyage. Le pain et le temps, -oui. Une chanson macédonienne dit que si tu voyages de Bitola à Thessalonique-Solun, il te faut 9 miches de pain. Il y a aujourd'hui 10 jours que nous avons quitté le cimetière français de Bitola. (…) Chaque jour un astre est apparu, hier c'était le ciel ou la lune, je ne sais pas, je ne sais plus. Demain le sommeil. L'air est sec, nous ne sentons pas la sueur. Pas de moisi. Nos barbes ont poussé, poivre et sel sous un soleil doré. Nos regards se sont creusés dans la lumière verte. De grosses mouches cuivrées sont posées sur le nez de Tito et Dori », Emmanuel Rimbert

„Така, стигнуваме на крајот од нашето малечко патување.
Леб и време, - да. Една македонска народна песна вели дека ако патуваш од Битола до Солун-Тесалоники, ќе ти требаат 9 векни леб. Денес навршува десеттиот ден од нашето поаѓање од француските гробишта во Битола.
(...) Секој ден се појавуваше ѕвезда, вчера тоа беше небото или месечината, не знам, веќе не знам ни самиот.
Утре нè очекува спиење. Воздухот е сув, не ја чувствуваме потта. Исчезна мирисот на мувла. Неизбричени, сивобради на златноожолтото сонце. Нашите погледи се продлабочија во зелената светлина.
Големи бакарисани муви стојат на носот на Тито и Дори", Емануел Рембер

Emmanuel Rimbert, Petar Nolev, Marc Renversé, Vendim Useinovski, Emmanuel Hecht

Емануел Рембер, Петар Нолев, Марк Ранверсе, Вендим Усеиновски, Емануел Ешт

AMBASSADE DE FRANCE EN MACÉDOINE DU NORD
Liberté Égalité Fraternité
vivre les ltures
INSTITUT FRANÇAIS Skopje
Република Северна Македонија
Министерство за одбрана
Воен музеј

AMBASSADE DE FRANCE EN MACÉDOINE DU NORD
Liberté Égalité Fraternité
vivre les ltures
INSTITUT FRANÇAIS Skopje
Република Северна Македонија
Министерство за одбрана
Воен музеј